# З А П И С Н И К

## од Шестата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 7.8.2025, 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Шестата седница на Програмски совет на МРТ:, *Давор Пашоски, Миле Гроздановски, Билјана Бабиќ, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Музбајдин Ќамиљи, Баким Лачи, Маја Седрак, Ивана Ефремовски, Лазо Трпков и Марјан Велевски*
Он-лајн ја следеа седницата: *Томислав Кежаровски и Владимир Палашевски*
Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски, Директор на МРТ, Захарија Вулгаракис, Директор на МТВ и Горан Атанасов, Директор на заеднички функции и администрација на МРТ*

Шестата седница на Програмскиот совет започна во 11.10 со утврдување присуство на сите членови, односно за обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Шестата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**
1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 5-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Средба со Директорот на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:
- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 5-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Петтата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:
- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Средба со Директорот на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, ги поздрави присутните на седницата и изрази задоволство за првата средба меѓу Програмскиот совет и Директорот на МРТ.

Тој истакна дека искрено се надева дека средбата ќе биде почеток на отворена и конструктивна соработка, насочена кон јакнење на позицијата, улогата и довербата во јавниот сервис – со цел МРТ да продолжи да се развива како независен, модерен и кредибилен јавен сервис во служба на граѓаните.

Тој рече дека позитивниот напредок на МРТ е препознаен во извештаите на Европската комисија и во Извештаите за владеење на правото, каде е нагласено

јакнењето на функционалната независност и професионализмот. Слични оценки се содржани и во извештаите на ОБСЕ/ОДИХР, каде изборното покривање од страна на МРТ се оценува како избалансирано и непристрасно, согласно законските критериуми.

Претседателот на Програмскиот совет констатираше дека сепак, реформите треба да продолжат и дека е особено важно МРТ да се развива како модерен, независен и одржлив јавен сервис – со јасна визија, стабилна финансиска рамка и вложување во технолошка модернизација, дигитална трансформација, продукциски капацитети и човечки ресурси.

Во таа насока, тој изрази уверување, потврдено и преку излагањата на јавната расправа за избор на Програмскиот совет, дека во претстојниот мандат Програмскиот совет ќе се фокусира на следните приоритети, како при креирањето на годишните програми, така и во подготовката на новата петгодишна стратегија за развој на МРТ (2026–2030):

- Технолошка модернизација – приближување на МРТ кон младата публика преку прилагодени содржини и платформи, согласно новата стратегија на ЕБУ;
- Дигитална трансформација – развој на повеќејазичен, модерен и функционален веб-сајт, формирање посебна дигитална редакција;
- Финансиска стабилност – преку стратешки план за капитални инвестиции: обнова на техничка опрема, продукциска инфраструктура, теренски капацитети и возен парк;
- Законски реформи – подготовка на нов Закон за МРТ кој ќе овозможи функционална независност и институционална автономија, со изземање од постојниот ЗААВМУ;
- Дописничка мрежа – унапредување на техничките и кадровските капацитети на регионално ниво заради подобра покриеност, со редовен работен однос;
- Професионални и етички стандарди – проактивна улога на етичката комисија и унапредување на постојниот кодекс;
- Унапредување на статусот на новинарите, уредниците и давателите на услуги - Дерегулација и поедноставување на процедурите.

Понатаму, тој истакна дека верува дека Програмскиот совет, заедно со менаџментот на МРТ, уредниците и сите вработени, ќе дадат личен и заеднички придонес во градењето на современ, кредибилен и јавен сервис кој постојано ќе се унапредува преку транспарентен и инклузивен процес, со активно вклучување на експертската и пошироката јавност.

На крајот од неговото излагање, Претседателот на Програмскиот совет упати барање да се разгледа и можноста за зајакнување на административните и стручните капацитети на Секторот за поддршка на Програмскиот совет, со цел да се обезбеди континуирана, квалитетна и ефикасна поддршка во остварувањето на надлежностите на Програмскиот совет на МРТ

По излагањето, Претседателот на Програмскиот совет му даде збор на Директорот на МРТ.

Директорот на МРТ, Марјан Цветковски им се заблагодари за поканата за присуство на Седницата на сите присутни, изрази желба за издигнување на соработка на повисоко ниво отколку со претходниот состав и очекување за максимално

професионален пристап во работењето на новиот состав на Програмскиот совет на МРТ.

Тој потенцираше дека МРТ ќе даде максимална логистичка поддршка на Програмскиот совет со цел негова успешност во работењето, меѓутоа со жалење констатираше дека во моментот тоа не е можно поради тоа што за издигнување на службите на повисоко ниво, како во квалитет, така и во квантитет, односно вработување нови лица, зависи од согласностите на две институции во државата, а истовремено констатираше дека наближува рокот за распишувањето Локални избори 2025 кога во согласност со закон, не се дозволени вработувањата.

Директорот на МРТ го започна своето излагање пред членовите на Програмскиот совет со компаративно образложување на затекнатите состојби од неговото назначување со сегашната состојба во којашто се наоѓа јавниот сервис и тоа:

**Затекната состојба**

- институција на дно на интерес за соработка и вработување
- долг од 30 милиони евра
- никаков интерес за пријави за јавни набавки
- најниска плата во износ од 10.000 денари
- голем број активни судски спорови, меѓу кои еден меѓународен
- нестабилно и неизвесно финансирање
- техничко-технолошки и логистички на многу ниско ниво
- никаков или слаб интерес за вработување во МРТ
- руиниран канцелариски, работен простор и тоалети
- нефункционална интернет страна
- неатрактивен визуелен изглед на програмата
- меѓународен углед на многу ниско ниво

**Состојба на МРТ денес:**

- голем интерес за вработување во МРТ
- ликвидна и една од најпрофитабилните институции во државата
- голем интерес за пријави за јавни набавки
- минимална плата околу 40.000 денари
- без судски спорови кои би влијаеле на ликвидноста на институцијата
- недоволно, но извесно финансирање
- техничко-технолошки една од најнапредните на Балканот
- комплетно реновиран канцелариски простор, изградени „океански„ простории за новинарите, комплетно реновирани тоалети
- атрактивен и модерен визуелен изглед на програмата со примена на најнови технологии
- атрактивна мултимедијална интернет страна
- стекнат меѓународен углед

и дополнително: единствен медиум кој во 2013 година емитуваше програма во ХД технологија – инвестиција од Владата на РСМ (единствена до денес), еден од ретките медиум во државата со донесен Етички кодекс на вработените во МРТ и во секојдневна комуникација со ЗНМ, а и покрај сите напори за политичко и економско влијание на различни лоби групи врз МРТ кои се активни и денес, сите извештаи од Европската комисија и другите меѓународни мониторинг организации се позитивни за напредокот и непристасно известување на јавниот сервис.

Донесена е Петгодишна стратегија за развој на МРТ од којашто обврските на МРТ се целосно реализирани, речиси и надминати, додека во делот од стратегијата на државните институции, освен стабилизирање на финансирањето на јавниот сервис, ништо не е реализирано, посебно во делот на екипирање на кадрите во МРТ, односно за вработувањето и за постапките за поместување на вработените, за што е неопходно да се добие согласност од две министерства, што во длабоко се коси со принципите за независен јавен сервис по европски пример. Тој како решение го наведе исклучувањето на МРТ од Законот за јавните претпријатија и од Законот за административните службеници, затоа што МРТ е единствена институција со радиодифузна дејност, со сосема различна функција од другите јавни претпријатија, и со носење посебен закон за МРТ.

Понатаму, Директорот на МРТ информираше дека во 2023 година е покренат судски спор со тогашното Министерство за информатичко општество за ненаплатените средства од износот што и следува на МРТ од средствата за радиодифузна дејност, меѓутоа тоа е решено со вонсудска спогодба. Истовремено, тој информираше и за единствениот долг на МРТ што потекнува од 1984 година за изградба на РТВ објектот кој со Одлука на Влада е одземен од МРТ во 2004 година, дадени се предлози од страна на МРТ за затворањето на долгот да се реши со пребивање на долгот којшто државата го има кон МРТ за ненаплатена радиодифузна такса, но дека тој предлог не е прифатен и дека најверојатно сега ќе се оди кон потпишување спогодба за исплаќање на долгот кој нема да влијае на ликвидноста на МРТ.

По однос на предизвиците што и претстојат на МРТ е дигитализацијата на Македонското радио и пласман на ОТТ платформа, коишто се содржани во Акцискиот инвестиционен план на МРТ, во којшто се содржани и други техничко-технолошки елементи каде што треба да се реагира за нивно обновување (news room). Тој ја истакна потребата да се искористи можноста за добивање дополнителни средства од државата по основ на инвестиции, а која е пропишана во точка 7 од членот 105 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Истовремено, ја истакна Петгодишната стратегија за развој на МРТ којашто ќе биде во насока на реализација на Акцискиот инвестиционен план на МРТ.

Директорот на МРТ го заврши своето излагање со констатацијата дека споредбено со буџетите на Хрватската радио телевизија, Радиотелевизија Србија, па дури и Радиотелевизија Црна Гора, буџетот на МРТ е многу мал, а сепак извесен, но дека е задоволен бидејќи со тој буџет МРТ денес успеа да стане единствен јавен сервис што работи со најсовремени алатки во студијата со виртуелна и со проширена реалност.

По излагањето на Директорот на МРТ, Претседателот на Програмскиот совет отвори дискусија.

Во дискусијата се јави Баким Лачи кој констатираше дека е најважно да се усвои lex specialis – закон за МРТ и постави прашање за Третиот програмски сервис на Македонското радио, конкретно зошто согласно ЗААВМУ не емитува 24-часовна програма на албански јазик, на што доби одговор од Директорот на МРТ дека за ова прашање е надлежна Национална радиодифузија до која МРТ неколку пати

доставила барање за добивање посебна фреквенција и фактичката состојба е дека нема достапна фреквенција. За ова прашање се надоврза и Музбајдин Ќамили кој потенцираше дека Програмскиот совет треба да вложи поголеми напори во решавањето на ова прашање, односно Третиот програмски сервис на МРА да добие фреквенција за 24 часовен канал.

Во дискусијата се вклучи и Маја Седрак која истакна дека МТВ е столб на државата и дека програмата бележи значително визуелно и содржинско подобрување, но дека според неа недостигаат емисии од културата. Постави прашање за текот на дигитализацијата на Архивата, потенцирајќи ја нејзината историска вредност и новата Стратегија за медиуми и дигитализација. Укажа и на потребата од примена на литературниот јазик и усогласеност на темите на дописниците со стандардите на јавниот сервис.
Директорот на МРТ објасни дека емисијата „Наш подиум„ е токму емисија која ги покрива темите од културата, истовремено одговори дека сите најважни архивски материјали на МРТ се дигитализирани.

Билјана Бабиќ побара информација за дигитализацијата на фонотеката на Македонското радио. Директорот на МРТ посочи дека за пренос на лентите ќе биде потребна јавна набавка, а Бабиќ предложи ангажирање лица од факултетите за аудиовизуелна дејност во рамки на проект на Министерството за култура.

Ивана Ефремовски констатираше дека од искуство новинарите од Информативната програма на МРТ секојдневно и постојано ги гледа на терен, дека МРТ претставува атрактивно место за вработување на новинарите и дали е потполн кадарот во информативната програма, на што Директорот на МРТ одговори дека недостасуваат неколку репортери и уредници и дека со новата систематизација ќе биде уредено позиционирањето на новинарите во Информативната програма на МРТ.

Томислав Кежаровски го поздрави излагањето на Директорот на МРТ и ја повтори својата иницијатива за еднаш во месецот да се посвети седницата на можностите за подобрување на програмата на МРТ и предложи присуство на Директорот на МРТ на таквите седници.

Миле Грозданоски се вклучи во дискусијата со забелешка дека недостасуваат битни продукциски кадри како што се режисери, монтажери...за да може МРТ да биде во чекор со времето и запраша за состојбата со дописничките центри на МРТ за што Директорот на Заеднички функции и администрација му даде прецизна информација во кои градови и колку дописнички центри има МРТ, а кои се реновирани и опремени за работа на дописниците.

На крајот на дискусијата Директорот на Македонската телевизија информираше дека целата програма на МТВ од 7 (седум) студија е префрлена само во две студија со определена временска шема и со оптимизација на човечките ресурси, од кои во едното се инсталира најновата технологија и во моментов не е во функција, додека другото е хибридно студио со виртуелни и со физички елементи. Тој истакна дека во моментов студијата на МТВ работат со примена на најмодерна технологија во регионов и дека ќе им бидат претставени во првата недела од септември.

Од седницата произлегоа следниве заклучоци, идни чекори и активности, при што беше договорено воспоставување на тесна и конструктивна соработка меѓу Програмскиот совет и менаџментот на МРТ со цел реализација на овие активности во краток и среден рок. Програмскиот совет ќе даде свој активен придонес и поддршка во спроведувањето на сите мерки кои се од суштинско значење за развојот на МРТ, водејќи се од принципите на квалитет, оправданост, економичност и долгорочна одржливост.

**Заклучоци / идни чекори и активности:**

- Подготовка на Акциски план / план за инвестиции – во рок од две недели
- Изработка на новата Петгодишна стратегија која ќе ги опфати и планираните инвестиции од Акцискиот план – во рок од еден месец
- Допис МРД / информација до влада (во однос на фреквенцијата за Трет програмски сервис на Македонско радио-Програма на албански јазик)
- Разработка и реализација на проект за дигитализација на творештвото и архивскиот материјал со кој располага МРТ, а кој сеуште не е дигитализиран
- Ревидирање и унапредување на Систематизацијата
- Законски реформи, вклучително носење на посебен закон за МРТ, како и дерегулација и поедноставување на постојните законски процедури со цел намалување на зависноста од други институции при вработување, унапредување и прераспределба на кадар
- Подготовка и усвојување на Годишна програма – најдоцна до 20ти септември 2025

Во Акцискиот план и Петгодишната стратегија ќе бидат прецизно наведени роковите за реализација, а истовремено ќе се побараат дополнителни буџетски средства за постигнување и одржување на повисоко ниво на програмски и техничко-технолошки развој на МРТ, во согласност со член 69 од Статутот.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 18.8.2025 во 11.00 часот и по исцрпување на Дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет ја затвори Шестата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12.30 часот.

Претседател на Програмски совет на МРТ

| | |
|---|---|
| -------------------------------- | Бр. 02-5021/2 од |
| Давор Пашоски | 18.08.2025 |